Врз основа на член 37 став (6) од Законот за бесплатна правна помош ("Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09), министерот за правда донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД ОВЛАСТЕНИ ЗДРУЖЕНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија.

Член 2

Трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија се поднесува на Образец кој содржи: име на здружението(адреса,број и седиште), број и датум на решение со кое е запишано во регистарот на овластени здруженија за давање на претходна правна помош,име и презиме на лицето вработено во здружението кое работело на правната работа, име и презиме на подносителот на барањето за добивање на претходна правна помош, датум на прием на барањето и датум на завршување на правната работа, вид на дадена претходна правна помош( општа правна информација, иницијален правен совет за правото на користење на правна помош или правна помош во комплетирање на барањето за бесплатна правна помош), краток опис на извршената правна работа,датум и место,место за печат и потпис на овластеното лице за застапување.

Член 3

Образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од овластени здруженија е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 01-1926/1
07.05. 2010 година

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
Михајло Маневски

С к о п ј е

Образец

# Т Р О Ш К О В Н И К ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД ОВЛАСТЕНИ ЗДРУЖЕНИЈА

| | |
|---|---|
| Име на здружението<br>(адреса, број и седиште) | |
| Број и датум на решение со кое е запишано во регистарот на овластени здруженија за давање на претходна правна помош | |
| Име и презиме на лице вработено во здружението кое работело на правната работа | |
| Име и презиме на подносителот на барањето за добивање на претходна правна помош | |
| Датум на прием на барањето и датум на завршување на правната работа | |
| Вид на дадена претходна правна помош | а) општа правна информација |
| | б) иницијален правен совет за правото на користење на правна помош |
| | в) правна помош во комплетирање на барањето за бесплатна правна помош |
| Краток опис на извршената правна работа | |
| | |

Датум и место М.П. Овластено лице за застапување

________________________

________________________________

(потпис)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД ОВЛАСТЕНИ ЗДРУЖЕНИЈА

Скопје, мај 2010 година